08-3055/2
23-12-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 57-та седница одржана на ден 17.12.2021 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката на ДКСК по предмет број 08-1318/1 од 22.02.2020 година, оформен по сопствена иницијатива согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година, за проверка на податоците од анкетниот лист на _______________, поднесен по престанок на функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителество _______________, СЕ ЗАПИРА.

По разгледување на прибавените податоци од надлежните институции за имотот на _______________ и имотот на членовите на нејзиното семејство како и податоците од анкетниот лист на _______________, поднесен по поднесен по престанок на функцијата јавен обвинител во Основно јавно обвинителество _______________, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот предмет.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот заведен под број 08-1318/1 од 22.02.2020 година, е оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година.

_______________ поднела анкетен лист до ДКСК на 14.10.2019 година, по престанок на функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителество _______________.

ДКСК од именуваната побара податоци за членовите на нејзиното семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на _______________ се доставени податоци за следните членови на нејзиното семејство:

- _______________ – сопруг;
- _______________ – син; и

-__________ –син;

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, за имотот на _______________ и имотот на наведените членови на нејзиното семејство прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерстото за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, исто така прибави податоци од Министерството за финансии, за остварени приходи од буџетски средства од страна на _____________ во периодот додека ја извршувала функцијата јавен обвинител во Основно јавно обвинителество _______________.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од Министерството за финансии, утврди дека на именуваната од страна на Основното јавно обвинителство во кое била вработена и биле исплаќани дополнителни приходи за што до ДКСК не поднела образец за пријавување на промени на имотната состојба.

Тргувајќи од наведеното, ДКСК на ____________ и издаде прекршочен платен налог број 08-1318/10 од 14.04.2020 за прекршок по член 85 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон.

Со оглед на фактот што од страна на ____________, во законски утврдениот рок, не е постапено по прекршочниот платен налог, ДКСК до прекршочната комисија во ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка против именуваната.

Од страна на Прекршочната комисија во ДКСК донесено е Решение број 14-2970/2 од 24.08.2021 година со кое _________________ се ослободува од одговорност согласно член 64 в.в.со член 114 став 1 точка 1 од Законот за прекршоците.

По разгледување на прибавените информации и податоци од надлежните институции и нивно споредување со податоците од анкетниот лист на ________________, како и по разгледување на Решението на Прекршочната комисија, ДКСК утврди дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:А.Ч., рак. на одделение
Одобрил: Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**